Бр. 12-2444/4
21.11.2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – лицето --------------------, на ден 16.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 24-та седница одржана на 15 ноември 2019 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од познат подносител – лицето --------------------, на ден 16.04.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-2444/1 од 16.04.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконски дејствија сторени од Комисијата за одлучување по барања за денационализација за општините Охрид, Струга и Ресен, во текот на постапката за легализација на бесправно изградени објекти (дивоградби, камп приколки, дворни места) на една од најатрактивните локации во Охрид, локацијата Градиште.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по преземените дејствија утврди дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот, поради постапување на друг надлежен државен орган.

Предметот со број 12-2444/1 од 16.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2444/1 од 16.04.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – лицето --------------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконски дејствија сторени од Комисијата за одлучување по барања за денационализација за општините Охрид, Струга и Ресен, во текот на постапката за легализација на бесправно изградени објекти (дивоградби, камп приколки, дворни места) на една од најатрактивните локации во Охрид, локацијата Градиште.

Со цел утврдување на фактичката состојба и проверка на наводите содржани во пријавата, беше доставено Барање за доставување на податоци и информации до Комисијата за одлучување по барања за денационализација за општините Охрид, Струга и Ресен при Министерството за финансии со број 12-2444/3 од 06.08.2019 година, со кое се бара целосна информација за предметот кој се води/водел пред Комисијата за одлучување по барања за денационализација за општините Охрид, Струга и Ресен, оформен по барање поднесено од лицето -------------------- од Охрид за денационализација заведено под ДН.бр.19-417/03 за земјиште кое се наоѓа на КП бр.1107 (нов број КП 2295) во површина од 1072 $м^2$ во КО Пештани.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Од Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за подрачјата на општините Битола, Демир Хисар, Прилеп, Велес, Крушево, Македонски Брод, Охрид, Струга и Ресен со седиште во општина Битола беше доставен одговор - целосна информација со број 12-2444/3 од 16.08.2019 година во кој се наведува дека комисијата во моменталниот состав е формирана со решение донесено од Министерот за финансии број 02-981/1 од 31.01.2019 и почнала со работа од 01.02.2019 година. Исто така, во одговорот е наведено дека предметот ДН. бр. 19-417/03 од 21.04.2003 година оформен по поднесено барање од ------------------- физички не е предаден на новоформираната комисија. Имено, списите со донесена пресуда У-2 бр.551/2017 од 11.07.2019 година од страна на Управниот суд биле доставени до Комисијата на 30.07.2019 година, по што Комисијата ги зела во предвид укажувањата на Управниот суд и постапувала по насоките дадени во пресудата. Во дописот е даден детален опис на преземените дејствија од страна на Комисијата, а во прилог се доставени копии од сите акти во врска со овој предмет како и дописите кои се доставени до надлежните органи и до барателите, а постапувајќи по насоките дадени со пресудата на Управниот суд У-2.бр.551/2017 од 11.07.2019 година со цел утврдување на фактичката состојба и донесување на конкретен управен акт.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека за предметниот случај постапува друг надлежен државен орган, односно станува збор за тековна постапка која се води пред Комисијата за одлучување по барањата за денационализација за подрачјата на општините Битола, Демир Хисар, Прилеп, Велес, Крушево, Македонски Брод, Охрид, Струга и Ресен со седиште во општина Битола.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19) одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 15.11.2019 година по број 12-2444/4

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk